SONY

4-488-942-**21**(2) (MK)

# Повеќеканален аудио/видеоприемник

## Упатство на препораки

STR-DN1050/STR-DN850

# ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

**За да се намали ризикот од пожар или електричен шок, не изложувајте го апаратот на дожд или на влага.**

За да го намалите ризикот од пожар, не покривајте го отворот за вентилација на апаратот со весници, прекривки, завеси итн.
Не изложувајте го апаратот на извори на отворен оган (на пример, запалени свеќи).

За да го намалите ризикот од пожар или електричен шок, не изложувајте го апаратот на капење или прскање и не поставувајте на него предмети што се наполнети со течности, како на пример, вазни.

Не го монтирајте уредот во затворен простор како полица за книги или вграден шкаф.

Бидејќи главниот приклучок се користи за да се исклучи делот од главните водови, поврзете го делот со лесно достапен штекер за напојување со наизменична струја. Ако забележите неправилности во делот, веднаш исклучете го главниот приклучок од штекерот за наизменична струја.

Не изложувајте ги батериите или апаратите што имаат монтирана батерија на прекумерна топлина, како на пример, сончева светлина или оган.

Апаратот не е исклучен од главната електрична мрежа сè додека е поврзан со штекерот за наизменична струја, дури и ако самиот апарат е исклучен.

Притисокот од прекумерниот звук од слушалките може да предизвика загуба на слухот.



Овој симбол е наменет за да го предупреди корисникот за присуство на жешка површина, која за време на нормалната работа може да биде жешка на допир.

Оваа опрема е тестирана со кабел за поврзување пократок од 3 метри при што е утврдено дека е усогласена со ограничувањата поставени во Директивата EMC.

## За потрошувачите во Европа



### Фрлање искористени батерии и електрична и електронска опрема (применливо во Европската Унија и во други европски земји со засебни собирни системи)

Овој симбол на производот, батеријата или на амбалажата покажува дека со производот и со батеријата којашто е дадена со овој производ не треба да се постапува како со домашен отпад. Кај определени батерии овој симбол може да се користи во комбинација со хемиски симбол. Хемиските симболи за жива (Hg) или олово (Pb) се додаваат ако батеријата содржи повеќе од 0,0005% жива или 0,004% олово. Со правилно отстранување на овие производи и батерии ќе помогнете да се спречат потенцијално негативни последици за природата и здравјето на човекот, кои инаку може да се предизвикаат со несоодветно постапување со отпадот. Рециклирањето на материјалите ќе помогне за заштита на природните богатства.
Во случај на производи кои од безбедносни причини, поради изведба или интегритет на податоци имаат потреба од трајна поврзаност со вметната батерија, оваа батерија треба да ја замени само квалификуван персонал. За да бидете сигурни дека со батеријата, електричната

и со електронската ќе се постапи соодветно, предајте ги потрошените производи на применливото збирно место за рециклирање електрична и електронска опрема. За сите други батерии, погледнете го делот за тоа како безбедно да се отстрани батеријата од производот. Батеријата предадете ја на применливото збирно место за рециклирање отпадни батерии. За подетални информации за рециклирањето на овој производ или батеријата, контактирајте со вашата локална месна заедница, вашата служба за отстранување домашен отпад или со продавницата каде што го купивте овој производ или батеријата.

### Напомена за потрошувачите: Следните информации се применливи само за опремата продадена во земјите што ги применуваат Директивите на ЕУ.

Овој производ е произведен од или во име на Sony Corporation, 1-7-1 Konan Minato-ku Tokyo, 108-0075 Japan. Прашања поврзани со компатибилноста на производот со законодавството на Европската Унија треба да бидат упатени до овластениот претставник, Sony Deutschland GmbH, Hedelfinger Strasse 61, 70327 Stuttgart, Germany. Ве молиме обратете се на адресите дадени во посебните документи за услуги или гаранција за какви било прашања со услугата или гаранцијата.

Со ова, Sony Corp. изјавува дека оваа опрема е во согласност со суштинските барања и другите важни одредби од Директивата 1999/5/EC.
За детали, посетете ја следната веб-адреса:
http://www.compliance.sony.de/

CE

## За авторските права

Овој ресивер вклучува Dolby* Digital and Pro Logic Surround и DTS** Digital Surround System.

* Произведено со дозвола од Dolby Laboratories. Dolby, Pro Logic, Surround EX и симболот со двојно D се заштитени знаци на Dolby Laboratories.

** За патентите на DTS, погледнете на http://patents.dts.com. Произведено според лиценца на DTS Licensing Limited. DTS, DTS-HD, симболот и DTS со симболот заедно се регистрирани заштитени знаци и DTS-HD Master Audio е заштитен знак на DTS, Inc. © DTS, Inc. Сите права се задржани.

Овој ресивер ја вклучува технологијата High-Definition Multimedia Interface (HDMI™).
Називите HDMI и HDMI High-Definition Multimedia Interface и логото HDMI се заштитени знаци или регистрирани заштитени знаци на HDMI Licensing LLC во Соединетите Американски Држави и во други земји.

AirPlay, iPad, iPhone, iPod, iPod classic, iPod nano и iPod touch се заштитни знаци на Apple Inc., регистрирани во САД и во други земји.
App Store е знак за услуга на Apple Inc.

Сите други заштитни знаци и регистрирани заштитни знаци се на нивните соодветни сопственици. Во ова упатство, знаците ™ и ® не се назначени.

Написите „Made for iPod“, „Made for iPhone“ и „Made for iPad“ значат дека електронските додатоци се дизајнирани за да се поврзат специфично со iPod, iPhone или iPad, соодветно и производителот гарантира дека ги исполнуваат стандардите за изведба на Apple.

Apple не е одговорен за работата на овој уред или неговата согласност со безбедносните и регулаторните стандарди. Имајте предвид дека употребата на овој додаток со iPod, iPhone или iPad може да влијае на безжичната изведба.

DLNA™, логото DLNA и DLNA CERTIFIED™ се заштитени знаци, знаци за услуга или сертификациски знаци на Digital Living Network Alliance.

Логото „Sony Entertainment Network" и „Sony Entertainment Network" се заштитени знаци на Sony Corporation.

Windows и логото на Windows се или регистрирани заштитени знаци или заштитени знаци на Microsoft Corporation во Соединетите Американски Држави и/или во други земји.

Овој производ е заштитен со определени права на интелектуална сопственост на Microsoft Corporation. Забранета е употреба или дистрибуција на таква технологија надвор од овој производ без дозвола од Microsoft или од овластена филијала на Microsoft.

Технологијата за аудиокодирање MPEG Layer-3 и патентите со дозвола од Fraunhofer IIS и Thomson.

„x.v.Color (x.v.Colour)" и логото „x.v.Color (x.v.Colour)" се заштитни знаци на Sony Corporation.

„BRAVIA" е заштитен знак на Sony Corporation.

„PlayStation" е регистриран заштитен знак на Sony Computer Entertainment Inc.

„WALKMAN" и логото „WALKMAN" се регистрирани заштитни знаци на Sony Corporation.

MICROVAULT е заштитен знак на Sony Corporation.

VAIO и VAIO Media се регистрирани заштитни знаци на Sony Corporation.

Логото Wi-Fi CERTIFIED е сертификациски знак на Wi-Fi Alliance.

MHL, Mobile High-Definition Link и логото MHL се заштитени знаци или регистрирани заштитени знаци на MHL Licensing, LLC.

Ознаката *Bluetooth*® и логоата се регистрирани заштитни знаци во сопственост на Bluetooth SIG, Inc. и секаква употреба на тие ознаки од страна на Sony Corporation е под лиценца. Другите заштитени знаци и заштитени имиња се оние на нивните соодветни сопственици.

© 2013 CSR plc и на компаниите на нивните групи. Знакот aptX® и логото aptX се заштитени знаци на CSR plc или на една од компаниите на нивната група и може да се регистрирани во една или повеќе јурисдикции.

Ознаката N е заштитен знак или регистриран заштитен знак на NFC Forum, Inc. во Соединетите Американски Држави и во други земји.

Android™ е заштитен знак на Google Inc.

Google Play™ е заштитен знак на Google Inc.

„Spotify" и логоата на „Spotify" се заштитени знаци на Spotify Group.

За информации за лиценцата на софтверот, посетете го упатството за помош.

# Мерки на претпазливост

## За безбедност

Ако цврст објект или течност паднат во кутијата, исклучете го ресиверот и нека го провери обучено лице пред да продолжите со работа.

## За струјни извори

- Пред да управувате со ресиверот, проверете дали работниот напон е ист како и вашето локално снабдување. Работниот напон е назначен на плочата со името на задната страна на ресиверот.
- Единицата не е исклучена од изворот за напојување со наизменична струја (приклучокот) сè додека е поврзан во ѕидниот штекер, дури и ако самата единица е исклучена.
- Ако не планирате подолго време да го користите ресиверот, осигурете се дека сте го исклучиле ресиверот од ѕидниот штекер. За да го исклучите кабелот за напојување со наизменична струја (главен вод), фатете го самиот приклучок; никогаш не влечете го кабелот.
- Кабелот за напојување (главен довод) може да се замени само кај квалификуван сервис.

## За загревање

Иако ресиверот се загрева за време на работата, ова не претставува дефект. Ако постојано многу го користите овој ресивер, температурата на кутијата на врвот, од страните и на дното значително се зголемува. За да не се изгорите, не ја допирајте кутијата.

## За поставувањето

- Поставете го ресиверот на локација со соодветна вентилација за да спречите загревање и за да го продолжите животот на ресиверот.
- Не го поставувајте ресиверот во близина на топлотни извори или на место кое е на директна сончева светлина, има прекумерна прашина или механички шок.
- Врз кутијата не поставувајте ништо што може да ги блокира отворите за вентилација и да предизвика дефект.
- Не го поставувајте ресиверот во близина на опрема како телевизор, VCR или магнетофон. (Ако ресиверот се користи во комбинација со телевизор, VCR или магнетофон и е поставен премногу блиску до таа опрема, може да се појави шум и квалитетот на сликата ќе трпи. Ова особено е веројатно кога се користи домашна антена (воздушна). Затоа препорачуваме да се користи надворешна антена (воздушна).)
- Внимавајте кога го поставувате ресиверот на површини кои се посебно обработени (со восок, масло, средство за полирање итн.) бидејќи како резултат може да предизвикате дамки или обезбојување на површината.

## За оперативноста

Пред да поврзете друга опрема, осигурете се дека сте го изгаснале и исклучиле ресиверот.

## За чистење

Чистете ги кутијата, плочата и контролите со мек материјал малку натопен со слаб раствор на детергент. Не користете каков било вид абразивно перниче, прашок за чистење или растворувач, како што е алкохол или бензин.

## За комуникација преку *Bluetooth*

- Уредите со *Bluetooth* треба да се користат на околу 10 метри (непречено растојание) еден од друг. Ефективниот опсег за комуникација може да стане пократок под следните услови.
  - Кога некоја личност, метален објект, ѕид или друга пречка се наоѓа помеѓу уредите со поврзување преку *Bluetooth*
  - Локации каде што е инсталиран безжичен LAN

– Околу микробранови печки што се користат
– Локации каде што може да се појават други електромагнетни бранови
- Уредите со *Bluetooth* и безжичен LAN (IEEE 802.11b/g) го користат истиот фреквентен појас (2,4 GHz). Кога го користите уредот со *Bluetooth* во близина на уред што ја има способноста за безжичен LAN, може да се појави електромагнетна пречка. Ова може да резултира со послаби стапки на пренос на податоци, шум и неможност за поврзување. Ако ова се случи, пробајте да го решите проблемот на следните начини:
  – Користете го ресиверот барем 10 метри подалеку од уредот со безжичен LAN.
  – Исклучете го напојувањето на опремата за безжичен LAN кога го користите уредот со *Bluetooth* на растојание од 10 метри.
  – Монтирајте ги ресиверот и уредот со *Bluetooth* колку што е можно поблиску еден до друг.
- Емитувањето радиобранови од ресиверот може да предизвика пречки во работата на некои медицински уреди. Бидејќи пречката може да предизвика дефект, секогаш исклучете го напојувањето на ресиверот и уредот со *Bluetooth* на следните локации:
  – во болница, воз, авион, бензинска пумпа и други места каде може да се присутни запаливи гасови;
  – во близина на автоматски врати или аларми за пожар.
- Ресиверот поддржува функции за безбедност што се во согласност со спецификациите на *Bluetooth* за да гарантира безбедно поврзување за време на комуникацијата со користење на технологијата *Bluetooth*. Сепак, оваа безбедност може да не е доволна во зависност од поставките и други фактори. Затоа секогаш бидете внимателни кога изведувате комуникација со користење на технологијата *Bluetooth*.
- Sony не е одговорен на никој начин за штетите и другите загуби што настанале како резултат на протекување информации за време на комуникација со користење на технологијата *Bluetooth*.
- Комуникацијата преку *Bluetooth* не е неопходно гарантирана за сите уреди со *Bluetooth* што го имаат истиот профил како ресиверот.
- Уредите со *Bluetooth* што се поврзани со ресиверот мора да се во согласност со спецификациите на *Bluetooth* пропишани со Bluetooth SIG, Inc. и мора да се потврдени дека соодветствуваат. Сепак, дури и кога уредот е во согласност со спецификациите на *Bluetooth*, може да постојат случаи каде што карактеристиките или спецификациите на уредот со *Bluetooth* го прават поврзувањето невозможно или може да резултира со други начини на контрола, приказ или ракување.
- Може да се појави шум или аудиото може да е исечено во зависност од уредот со *Bluetooth* што е поврзан со ресиверот, средината за комуникација или условите на опкружувањето.

Ако имате какви било прашања или проблеми во врска со вашиот ресивер, консултирајте се со најблискиот продавач на Sony.

# Спецификации

## Дел на засилувач

STR-DN1050
Минимална излезна моќ на RMS[1)]
(6 оми, 20 Hz – 20 kHz, THD 0,09%)
100 W + 100 W

Излезна моќ на стерео режим[1)]
(6 оми, 1 kHz, THD 1%)
120 W + 120 W

Излезна моќ на режим на опкружувачки звук[1)2)]
(6 оми, 1 kHz, THD 0,9%)
165 W по канал

STR-DN850
Минимална излезна моќ на RMS[1)]
(6 оми, 20 Hz – 20 kHz, THD 0,09%)
95 W + 95 W

Излезна моќ на стерео режим[1)]
(6 оми, 1 kHz, THD 1%)
110 W + 110 W

Излезна моќ на режим на опкружувачки звук[1)2)]
(6 оми, 1 kHz, THD 0,9%)
150 W по канал

1) Измерено при следните услови: Побарувања за напојување: 230 V AC, 50 Hz
2) Препорачана излезна струја за преден, централен, сараунд, сараунд заден и преден висок звучник. Во зависност од поставките за звучното поле и од изворот, може да нема излез на звук.

Реакција на фреквенција
Аналоген
10 Hz – 100 kHz, +0,5/–2 dB (со премостување на звучното поле и стабилизаторот)

Влез
Аналоген
Чувствителност: 500 mV/ 50 килооми
S/N[3)]: 105 dB (A, 500 mV[4)])
Дигитален (коаксијален)
Импеданса: 75 оми
S/N: 100 dB (A, 20 kHz LPF)
Дигитален (оптички)
S/N: 100 dB (A, 20 kHz LPF)

Излез (аналоген)
ZONE 2[5)]
Напон: 2 V/1 килоом
SUBWOOFER
Напон: 2 V/1 килоом

Стабилизатор
Нивоа на зајакнување
±10 dB, со чекор од 1 dB

3) INPUT SHORT (со премостување на звучното поле и стабилизаторот).
4) Оптоварена мрежа, ниво на влез.
5) Само за STR-DN1050.

## Дел за FM-пребарувач

Опсег на пребарување
87,5 MHz – 108,0 MHz

Антена (воздушна)
Жична FM-антена (воздушна)

Терминали за антена (воздушна)
75 оми, небалансирано

## Дел за AM-пребарувач

Опсег на пребарување
531 kHz – 1.602 kHz (чекор од 9 kHz)

Антена (воздушна)
Циклусна антена (воздушна)

## Дел за видео

Влезови/Излези
Видео:
1 Vp-p, 75 оми
COMPONENT VIDEO*:
Y: 1 Vp-p, 75 оми
PB: 0,7 Vp-p, 75 оми
PR: 0,7 Vp-p, 75 оми
80 MHz HD-пропуштање

*Само за STR-DN1050.

## HDMI-видео

Влез/Излез (HDMI-повторувачки блок)

| Формат | 2D | 3D | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Пакување рамки | Една до друга (Половина) | Над-под (Горе и долу) |
| 4.096 × 2.160p @ 59,94/60 Hz | ○[1] | – | – | – |
| 4.096 × 2.160p @ 50 Hz | ○[1] | – | – | – |
| 3.840 × 2.160p @ 59,94/60 Hz | ○[1] | – | – | – |
| 3.840 × 2.160p @ 50 Hz | ○[1] | – | – | – |
| 4.096 × 2.160p @ 23,98/24 Hz | ○[2] | – | – | – |
| 3.840 × 2.160p @ 29,97/30 Hz | ○[2] | – | – | – |
| 3.840 × 2.160p @ 25 Hz | ○[2] | – | – | – |
| 3.840 × 2.160p @ 23,98/24 Hz | ○[2] | – | – | – |
| 1.920 × 1.080p @ 59,94/60 Hz | ○ | – | ○ | ○ |
| 1.920 × 1.080p @ 50 Hz | ○ | – | ○ | ○ |
| 1.920 × 1.080p @ 29,97/30 Hz | ○[3] | ○ | ○[3] | ○[3] |
| 1.920 × 1.080p @ 25 Hz | ○[3] | ○ | ○[3] | ○[3] |
| 1.920 × 1.080p @ 23,98/24 Hz | ○[3] | ○ | ○[3] | ○[3] |
| 1.920 × 1.080i @ 59,94/60 Hz | ○[3] | ○ | ○[3] | ○[3] |
| 1.920 × 1.080i @ 50 Hz | ○[3] | ○ | ○[3] | ○[3] |
| 1.280 × 720p @ 59,94/60 Hz | ○[3] | ○ | ○[3] | ○[3] |
| 1.280 × 720p @ 50 Hz | ○[3] | ○ | ○[3] | ○[3] |
| 1.280 × 720p @ 29,97/30 Hz | ○[3] | ○ | ○[3] | ○[3] |
| 1.280 × 720p @ 23,98/24 Hz | ○[3] | ○ | ○[3] | ○[3] |
| 720 × 480p @ 59,94/60 Hz | ○[3] | – | – | – |
| 720 × 576p @ 50 Hz | ○[3] | – | – | – |
| 640 × 480p @ 59,94/60 Hz | ○[3] | – | – | – |

[1] Поддржува само YUV 4:2:0/8-битен формат.
[2] Поддржува само 8-битен формат.
[3] Исто така, MHL-поврзувањето ги поддржува овие формати.

## Дел за MHL

Поддржана верзија на MHL:
Вклучува MHL 2

Максимална струја
900 mA

## Дел за iPhone/iPad/iPod

DC 5V 1,0 A MAX

USB работи со iPhone 5s, iPhone 5c, iPhone 5, iPhone 4s, iPhone 4, iPhone 3GS, iPhone 3G, iPod touch (од 2. до 5. генерација), iPod classic и iPod nano (од 3. до 7. генерација).

Технологијата на *Bluetooth* работи со iPhone 5s, iPhone 5c, iPhone 5, iPhone 4s, iPhone 4, iPhone 3GS и iPod touch (4. и 5. генерација).

AirPlay работи со iPhone, iPad и iPod touch со iOS 4.3.3 или понов, Mac со OS X Mountain Lion и Mac и PC со iTunes 10.2.2 или понов.

Може да ја користите апликацијата „SongPal" со овој ресивер преку *Bluetooth* или мрежно поврзување.

Може да ги полните iPod или iPhone кога се поврзани со USB приклучок додека ресиверот е вклучен.

## Дел за DLNA

Поддржан формат*
MP3 (MPEG 1 Audio Layer-3):
32 kb/s – 320 kb/s, VBR
AAC:
16 kb/s – 320 kb/s, CBR, VBR
Стандард WMA9:
40 kb/s – 320 kb/s, CBR, VBR
WAV:
32 kHz – 192 kHz, 16-битен PCM
32 kHz – 192 kHz, 24-битен PCM
FLAC:
44,1 kHz – 192 kHz, 16-битен FLAC
44,1 kHz – 192 kHz, 24-битен FLAC
AIFF:
32 kHz – 192 kHz, 16-битен PCM
32 kHz – 192 kHz, 24-битен PCM
ALAC:
32 kHz – 96 kHz, 16-битен ALAC
32 kHz – 96 kHz, 24-битен ALAC
DSD**:
2,8 MHz, 1-битен DSD

* Не може да се гарантира компатибилност со секој кодирачки/творечки софтвер, уреди за снимање и медиуми за снимање.

** Само за STR-DN1050.

## Дел за USB

Поддржан формат*

MP3 (MPEG 1 Audio Layer-3):

32 kb/s – 320 kb/s, VBR

AAC:

16 kb/s – 320 kb/s, CBR, VBR

Стандард WMA9:

40 kb/s – 320 kb/s, CBR, VBR

WAV:

32 kHz – 192 kHz, 16-битен PCM

32 kHz – 192 kHz, 24-битен PCM

FLAC:

44,1 kHz – 192 kHz, 16-битен FLAC

44,1 kHz – 192 kHz, 24-битен FLAC

AIFF:

32 kHz – 192 kHz, 16-битен PCM

32 kHz – 192 kHz, 24-битен PCM

ALAC:

32 kHz – 96 kHz, 16-битен ALAC

32 kHz – 96 kHz, 24-битен ALAC

DSD**:

2,8 MHz, 1-битен DSD

* Не може да се гарантира компатибилност со секој кодирачки/творечки софтвер, уреди за снимање и медиуми за снимање.

** Само за STR-DN1050.

Поддржан USB-уред

Класа на масовно складирање, тип со голема брзина

Максимална струја

500 mA

## Дел за NETWORK

LAN за етернет

10BASE-T/100BASE-TX

Безжичен LAN

Компатибилни стандарди:

IEEE 802.11 b/g

Безбедност:

WEP 64 битен, WEP 128 битен, WPA/WPA2-PSK (AES), WPA/WPA2-PSK (TKIP)

Радиофреквенција:

2,4 GHz

## Дел за *Bluetooth*

Систем за комуникација

Bluetooth, верзија со спецификации 3.0

Излез

*Bluetooth*, спецификации за класа за напојување 2

Максимален опсег за комуникација

Видна линија приближно 10 m[1)]

Појас на фреквенција

појас од 2,4 GHz (2,4000 GHz – 2,4835 GHz)

Метод на модулација

FHSS (Freq Hopping Spread Spectrum - Спектар на прескокнување фреквенција)

Компатибилни профили на *Bluetooth* [2)]

A2DP (Advanced Audio Distribution Profile - Профил за напредна дистрибуција на аудио)

AVRCP 1.3 (Audio Video Remote Control Profile - Профил за далечинска контрола на аудио/видео)

Поддржани кодекси[3)]

SBC[4)], AAC, aptX

Опсег на пренос (A2DP)

20 Hz – 20.000 Hz (Одмерна фреквенција 44,1 kHz)

1) Вистинскиот опсег може да се разликува во зависност од фактори како пречки помеѓу уредите, магнетно поле околу микробранова печка, статичен електрицитет, безжичен телефон, чувствителност на приемот, перформансите на антената, оперативниот систем, софтверска апликација итн.

2) Стандардните профили за *Bluetooth* ја покажуваат целта на комуникацијата преку *Bluetooth* помеѓу уредите.

3) Кодекс: Компресија на аудиосигнал и формат за претворање

4) Кодекс за потпојас

### Општо

Побарувања за напојување
230 V AC, 50/60 Hz

Потрошувачка на струја
240 W

Потрошувачка на струја (за време на режим на мирување)
STR-DN1050:
0,3 W (Кога [Control for HDMI], [Pass Through] и [Bluetooth Standby] се поставени на [Off], а ресиверот во зона 2 е исклучен).
0,7 W (Кога [Control for HDMI] е поставено на [On], [Pass Through] и [Bluetooth Standby] се поставени на [Off], а ресиверот во зона 2 е исклучен).
1,3 W (Кога [Control for HDMI] и [Bluetooth Standby] се поставени на [On], [Pass Through] е поставено на [Off], а ресиверот во зона 2 е исклучен).
STR-DN850:
0,3 W (Кога [Control for HDMI], [Pass Through] и [Bluetooth Standby] се поставени на [Off].)
0,5 W (Кога [Control for HDMI] е поставено на [On], [Pass Through] и [Bluetooth Standby] се поставени на [Off].)
1,0 W (Кога [Control for HDMI] и [Bluetooth Standby] се поставени на [On], [Pass Through] е поставено на [Off].)

Димензии (ширина/висина/длабочина) (прибл.)
STR-DN1050:
430 mm × 172 mm × 329,4 mm вклучувајќи ги издолжените делови и контролите
STR-DN850:
430 mm × 156 mm × 329,4 mm вклучувајќи ги издолжените делови и контролите

Маса (прибл.)
STR-DN1050:
10,0 kg
STR-DN850:
8,0 kg

Дизајнот и спецификациите се подложни на промена без известување.

# ДОГОВОР ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА КРАЈНИОТ КОРИСНИК

**ВАЖНО:**
ПРЕД ДА ЗАПОЧНЕТЕ СО КОРИСТЕЊЕ НА СОФТВЕРОТ, ВНИМАТЕЛНО ПРОЧИТАЈТЕ ГО ДОГОВОРОТ ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА КРАЈНИОТ КОРИСНИК („EULA“). СО КОРИСТЕЊЕ НА СОФТВЕРОТ ГИ ПРИФАЌАТЕ УСЛОВИТЕ НА ОВОЈ EULA. ДОКОЛКУ НЕ ГИ ПРИФАЌАТЕ УСЛОВИТЕ НА ОВОЈ EULA, НЕ МОЖЕ ДА ГО КОРИСТИТЕ СОФТВЕРОТ.

Овој EULA е правен договор помеѓу Вас и Sony Corporation („SONY“). Овој EULA управува со вашите права и обврски во врска со СОФТВЕРОТ НА SONY и/или неговите лиценцори на трети лица (вклучувајќи ги партнерите на SONY) и нивните соодветни партнери (заедно наречени „СНАБДУВАЧИ НА ТРЕТИ ЛИЦА“), заедно со ажурирањата/надградбите што ги дава SONY, сите печатени материјали, интернет-материјали или друга електронска документација за таквиот софтвер и сите податочни датотеки што се создаваат при работата на тој софтвер (заедно наречени „СОФТВЕР“).

И покрај гореспомнатото, за секој софтвер во СОФТВЕРОТ што има посебен договор за лиценца за крајниот корисник (вклучувајќи, но не и ограничено на, лиценца GNU General Public license и Lesser/Library General Public License) ќе важи тој договор наместо условите на EULA во опсегот на таквиот посебен договор за лиценца на крајниот корисник („ИСКЛУЧЕН СОФТВЕР“).

**ЛИЦЕНЦА ЗА СОФТВЕРОТ**
За СОФТВЕРОТ се дава лиценца, тој не се продава. СОФТВЕРОТ е заштитен со законите за авторски права и друга интелектуална сопственост и меѓународните спогодби.

**АВТОРСКИ ПРАВА**
Сите права и сопственост во и на СОФТВЕРОТ (вклучувајќи, но не и ограничено на, сите слики, фотографии, анимации, видео, аудио, музика, текст и „мали апликации“ што се составен дел на СОФТВЕРОТ) се во сопственост на SONY и на еден или повеќе од СНАБДУВАЧИТЕ НА ТРЕТИ ЛИЦА.

**ДОДЕЛУВАЊЕ ЛИЦЕНЦА**
SONY ви дава ограничена лиценца за користење на СОФТВЕРОТ само за вашиот компатибилен уред („УРЕД“) и само за ваша индивидуална и некомерцијална употреба. SONY и СНАБДУВАЧИТЕ НА ТРЕТИ ЛИЦА изречно ги задржуваат сите права, сопственост и интереси (вклучувајќи, но не и ограничено на, сите права на интелектуална сопственост) во и на СОФТВЕРОТ што овој EULA неви ги дава посебно.

**ПОТРЕБИ И ОГРАНИЧУВАЊА**
Не смеете да го копирате, објавувате, адаптирате, редистрибуирате, да се обидете да го добиете безбедносниот код, да го модифицирате, повторно да го испитувате, декомпилирате или расклопувате СОФТВЕРОТ, во целост или делумно или да создавате дела што произлегуваат од СОФТВЕРОТ, освен ако СОФТВЕРОТ не ги овозможува таквите дела намерно. Не смеете да ја модифицирате или фалсификувате функционалноста на управувањето со дигиталните права на СОФТВЕРОТ. Не смеете да ги премостувате, модифицирате, оневозможувате или заобиколувате функциите или заштитите на СОФТВЕРОТ или на механизмите што се оперативно поврзани со СОФТВЕРОТ. Не смеете да ги одделувате индивидуалните компоненти на СОФТВЕРОТ за да се користат на повеќе од еден УРЕД, освен ако SONY не го дозволува тоа изречно. Не смеете да ги отстранувате, менувате, покривате или изобличувате заштитените знаци или известувања на СОФТВЕРОТ. Не смеете да го споделувате, дистрибуирате, издавате, изнајмувате, да издавате лиценци, доделувате, пренесувате или да го продавате СОФТВЕРОТ. Снабдувачите (снабдувачите на софтвер, снабдувачите на услуга или SONY) имаат право да ги прекинат или да ги откажат софтверот, мрежните услуги или другите производи, освен СОФТВЕРОТ од којшто зависи работата на СОФТВЕРОТ. SONY и тие снабдувачи не гарантираат дека СОФТВЕРОТ, мрежните услуги, содржината или другите производи ќе бидат достапни или дека ќе работат без прекин или модификација.

**ИСКЛУЧЕН СОФТВЕР И КОМПОНЕНТИ СО ОТВОРЕН КОД**
И покрај горeспомнатата дозвола на ограничената лиценца, потврдувате дека СОФТВЕРОТ може да вклучува ИСКЛУЧЕН СОФТВЕР. За определен ИСКЛУЧЕН СОФТВЕР може да важат лиценци за софтвер со отворен код („компоненти со отворен код“), што значи сите лиценци за софтверот што Иницијативата за отворен код ги одобрила како лиценци со отворен код или сите суштинско слични лиценци, вклучувајќи но не и ограничено на секоја лиценца што, како услов на дистрибуција на софтверот што подлежи на таква лиценца, бара дистрибутерот да го достави софтверот во формат на отворен код. Доколку е потребно откривање, посетете ја страницата www.sony.net/Products/Linux или друга веб-локација на SONY за списокот достапни КОМПОНЕНТИ СО ОТВОРЕН КОД што се вклучуваат во СОФТВЕРОТ од време на време и за применливите правила и услови што важат за нивната употреба. Третите лица може да ги променат таквите правила и услови во секое време без одговорност кон вас. Условите на таквите лиценци ќе важат наместо условите на овој EULA до степенот што го покриваат лиценците на ИСКЛУЧЕНИОТ СОФТВЕР. До степенот до кој условите на лиценцата применлива за ИСКЛУЧЕНИОТ СОФТВЕР ги забрануваат ограничувањата во овој EULA во однос на таквиот ИСКЛУЧЕН СОФТВЕР, тие ограничувања нема да важат за тој ИСКЛУЧЕН СОФТВЕР. До степенот до кој условите на лиценцата применлива на компонентите со отворен код бараат од SONY да понуди изворен код во врска со СОФТВЕРОТ, со ова, таа понуда е остварена.

**УПОТРЕБА НА СОФТВЕР СО МАТЕРИЈАЛИ ЗАШТИТЕНИ СО АВТОРСКИ ПРАВА**
СОФТВЕРОТ може да е подготвен за да го користите за приказ, складирање, обработка и/или да користите содржина што сте ја создале и/или ја создале трети лица. Таквата содржина може да е заштитена со законите за авторски права, други права на интелектуална сопственост и/или договори. Се согласувате да го користите СОФТВЕРОТ само согласно сите такви закони и договори што важат за таа содржина. Потврдувате и се согласувате дека SONY може да преземе соодветни мерки за да го заштити авторското право на содржината што е складирана, обработена или користена со СОФТВЕРОТ. Таквите мерки вклучуваат, но не се ограничени на, мерење на фреквенцијата на вашата заднина и обновување преку определени функции на СОФТВЕРОТ, одбивање да се прифати вашето барање за овозможување обнова на податоци и прекинување на овој EULA во случај да го користите СОФТВЕРОТ незаконски.

**УСЛУГА ЗА ДАВАЊЕ СОДРЖИНА**
ИМАЈТЕ ПРЕДВИД ДЕКА СОФТВЕРОТ МОЖЕ ДА Е ДИЗАЈНИРАН ДА СЕ КОРИСТИ СО СОДРЖИНА ДОСТАПНА ПРЕКУ ЕДНА ИЛИ ПОВЕЌЕ УСЛУГИ ЗА ДАВАЊЕ СОДРЖИНА („УСЛУГА ЗА ДАВАЊЕ СОДРЖИНА“). КОРИСТЕЊЕТО НА УСЛУГАТА И НА ТАА СОДРЖИНА ПОДЛЕЖИ НА УСЛОВИТЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ТАА УСЛУГА ЗА ДАВАЊЕ СОДРЖИНА. ДОКОЛКУ НЕ ГИ ПРИФАТИТЕ ТИЕ УСЛОВИ, КОРИСТЕЊЕТО НА СОФТВЕРОТ ЌЕ ВИ БИДЕ ОГРАНИЧЕНО. Потврдувате и се согласувате дека определена содржина и услуги достапни преку СОФТВЕРОТ може да се обезбедени од трети лица кои SONY не ги контролира. КОРИСТЕЊЕТО НА УСЛУГАТА ЗА ДАВАЊЕ СОДРЖИНА БАРА ПОВРЗУВАЊЕ НА ИНТЕРНЕТ. УСЛУГАТА ЗА ДАВАЊЕ СОДРЖИНА МОЖЕ ДА СЕ ПРЕКИНЕ ВО СЕКОЕ ВРЕМЕ.

**ПОВРЗЛИВОСТ НА ИНТЕРНЕТ И УСЛУГИ НА ТРЕТИ ЛИЦА**
Потврдувате и се согласувате дека пристапот до определени функции на СОФТВЕРОТ може да бараат поврзување на интернет за коешто сте одговорни само вие. Освен тоа, само вие сте одговорни за плаќање на трошоците на третите лица поврзани со вашето поврзување на интернет, вклучувајќи, но не и ограничено на снабдувачот на интернет-услуга или трошоците за емитување содржина. Користењето на СОФТВЕРОТ може да биде ограничено или забрането зависно од способностите, пропустниот опсег или од техничките ограничувања на вашето поврзување и услугата на интернет. Снабдувањето, квалитетот и безбедноста на таквото поврзување на интернет се одговорност само на третото лице што ја обезбедува услугата.

**ИЗВОЗ И ДРУГИ ПРОПИСИ**
Се согласувате дека ќе се придржувате до сите ограничувања за извоз и повторен извоз и до прописите на областа или земјата каде што живеете и дека нема да го пренесете или да го овластите преносот на СОФТВЕРОТ во забранета земја или дека на друг начин нема да ги почитувате таквите ограничувања или прописи.

**АКТИВНОСТИ СО ГОЛЕМ РИЗИК**
СОФТВЕРОТ не толерира грешки и не е дизајниран, произведен или наменет за употреба или препродажба како онлајн контролна опрема во опасни средини кои бараат сигурносна изведба, како што е во работа на нуклеарни установи, воздухопловна навигација или комуникациски систем, контрола на воздухопловен сообраќај, машини за директна животна поддршка или системи на оружја, каде што дефектот на СОФТВЕРОТ НА RISK може да доведе до смрт, лична повреда или сериозни физички штети или штети на околината („АКТИВНОСТИ СО ГОЛЕМ РИЗИК“). SONY, секој од СНАБДУВАЧИТЕ НА ТРЕТИ ЛИЦА и секој од нивните соодветни партнери особено отфрлаат каква било изразена или индиректна гаранција, обврска или услов за способност за АКТИВНОСТИ СО ГОЛЕМ РИЗИК.

**ОТФРЛАЊЕ НА ГАРАНЦИЈА НА СОФТВЕРОТ**
Потврдувате и се согласувате дека употребата на СОФТВЕРОТ е на ваш сопствен ризик и дека вие сте одговорни за користењето на СОФТВЕРОТ. СОФТВЕРОТ се доставува „КАКО ШТО Е“ без каква било гаранција, обврска или услов.

SONY И СЕКОЈ ОД СНАБДУВАЧИТЕ НА ТРЕТИ ЛИЦА (за целите на овој дел, SONY и секој од СНАБДУВАЧИТЕ НА ТРЕТИ ЛИЦА заедно ќе се нарекуваат „SONY“) ЈАСНО ГИ ОТФРЛААТ СИТЕ ГАРАНЦИИ, ОБВРСКИ ИЛИ УСЛОВИ, ИЗРАЗЕНИ ИЛИ ИНДИРЕКТНИ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ, НО НЕ И ОГРАНИЧЕНО НА, ИНДИРЕКТНИТЕ ГАРАНЦИИ ЗА ПРОДАЖНОСТА, НЕПРЕКРШУВАЊЕТО И ПОГОДНОСТА ЗА ОПРЕДЕЛЕНА ЦЕЛ. SONY НЕ ГАРАНТИРА И НЕ ДАВА НИКАКВИ УСЛОВИ ИЛИ ПРЕТСТАВА (А) ДЕКА ФУНКЦИИТЕ СОДРЖАНИ ВО СОФТВЕРОТ ЌЕ СООДВЕТСТВУВААТ НА ВАШИТЕ БАРАЊА ИЛИ ДЕКА ЌЕ СЕ АЖУРИРААТ, (Б) ДЕКА СОФТВЕРОТ ЌЕ РАБОТИ ПРАВИЛНО ИЛИ БЕЗ ГРЕШКИ ИЛИ ДЕКА ДЕФЕКТИТЕ ЌЕ БИДАТ ОТСТРАНЕТИ, (В) ДЕКА СОФТВЕРОТ НЕМА ДА ГО ОШТЕТИ ДРУГИОТ СОФТВЕР, ХАРДВЕР ИЛИ ПОДАТОЦИТЕ, (Г) ДЕКА КОЈ БИЛО СОФТВЕР, МРЕЖНА УСЛУГА (ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО ИНТЕРНЕТОТ) ИЛИ ПРОИЗВОД (ОСВЕН СОФТВЕРОТ) ОД КОЈШТО ЗАВИСИ ИЗВЕДБАТА НА СОФТВЕРОТ ЌЕ БИДЕ ДОСТАПЕН, НЕПРЕКИНАТ ИЛИ НЕМОДИФИЦИРАН И (Д) ВО ОДНОС НА КОРИСНИКОТ ИЛИ РЕЗУЛТАТИТЕ ОД УПОТРЕБАТА НА СОФТВЕРОТ ЗА НЕГОВА ИСПРАВНОСТ, ПРЕЦИЗНОСТ, СИГУРНОСТ ИЛИ ДРУГО.

НИКАКВА УСНА ИЛИ ПИШАНА ИНФОРМАЦИЈА ИЛИ СОВЕТ ДАДЕН ОД SONY ИЛИ ОВЛАСТЕН ПРЕТСТАВНИК НА SONY НЕМА ДА СОЗДАДЕ ГАРАНЦИЈА, ОБВРСКА ИЛИ УСЛОВ ИЛИ НА КОЈ БИЛО НАЧИН ДА ГО ЗГОЛЕМИ ДОМЕНОТ НА ОВАА ГАРАНЦИЈА. АКО СОФТВЕРОТ Е НЕИСПРАВЕН ВИЕ ЌЕ ГИ СНОСИТЕ СИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ПОТРЕБНИОТ СЕРВИС, ПОПРАВКА ИЛИ КОРЕКЦИЈА. НЕКОИ ПОДРАЧЈА НА СУДСКА ВЛАСТ НЕ ДОЗВОЛУВААТ ИСКЛУЧОЦИ НА ИНДИРЕКТНИТЕ ГАРАНЦИИ, ПА ОВИЕ ИСКЛУЧОЦИ НЕ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ВАС.

**ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА**
SONY И СЕКОЈ ОД СНАБДУВАЧИТЕ НА ТРЕТИ ЛИЦА (за целите на овој дел, SONY и секој од СНАБДУВАЧИТЕ НА ТРЕТИ ЛИЦА заедно ќе се нарекуваат „SONY“) НЕМА ДА БИДАТ ОДГОВОРНИ ЗА КАКВИ БИЛО СЛУЧАЈНИ ИЛИ ПОСЛЕДИЧНИ ОШТЕТУВАЊА ПРЕКРШУВАЊЕ НА КОЈА БИЛО ИЗРАЗЕНА ИЛИ ИНДИРЕКТНА ГАРАНЦИЈА, ПРЕКРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ, НЕОДГОВОРНОСТ, ОДРЕДЕНА ОДГОВОРНОСТ ИЛИ КОЈА БИЛО ДРУГА ПРАВНА ТЕОРИЈА ПОВРЗАНИ СО СОФТВЕРОТ, ВКЛУЧУВАЈЌИ, НО НЕ И ОГРАНИЧЕНО НА, КАКВА БИЛО ШТЕТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ЗАГУБА НА ПРОФИТ, ЗАГУБА НА ПРИХОД, ЗАГУБА НА ПОДАТОЦИ, ЗАГУБА НА УПОТРЕБАТА НА СОФТВЕРОТ ИЛИ КОЈ БИЛО СРОДЕН ХАРДВЕР, ИЗГУБЕНО ВРЕМЕ И ВРЕМЕ НА КОРИСНИКОТ, ДУРИ И АКО ТИЕ БИЛЕ ИЗВЕСТЕНИ ЗА МОЖНОСТА ОД ТАКВИ ОШТЕТУВАЊА. ВО СЕКОЈ СЛУЧАЈ, ЦЕЛАТА НИВНА ОДГОВОРНОСТ ПОД КОЈА БИЛО МЕРКА ОД ОВОЈ EULA ЌЕ БИДЕ ОГРАНИЧЕНА НА ВИСТИНСКАТА ПЛАТЕНА СУМА ЗА ПРОИЗВОДОТ. НЕКОИ ПОДРАЧЈА НА СУДСКА ВЛАСТ НЕ ДОЗВОЛУВААТ ИСКЛУЧОЦИ ИЛИ ОГРАНИЧУВАЊЕ НА СЛУЧАЈНИ ИЛИ ПОСЛЕДИЧНИ ОШТЕТУВАЊА, ПА ГОРНИТЕ ИСКЛУЧОЦИ ИЛИ ОГРАНИЧУВАЊА МОЖЕ ДА НЕ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ВАС.

**СОГЛАСНОСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НЕ-ЛИЧНИ ИНФОРМАЦИИ, ПОДАТОЦИ ЗА ЛОКАЦИЈА, СИГУРНОСТ НА ПОДАТОЦИ**
Потврдувате и прифаќате дека SONY и неговите подружници, партнери и агенти може да читаат, собираат, пренесуваат, обработуваат и складираат определени информации што ги собира СОФТВЕРОТ, вклучувајќи, но не и ограничено на информации за (а) СОФТВЕРОТ и (б) софтверските апликации, содржина и периферни уреди кои имаат интеракција со вашиот УРЕД и со СОФТВЕРОТ („информации“). Информациите вклучуваат, но не се ограничени на: (1) единствени идентификатори што се однесуваат на вашиот УРЕД и неговите компоненти, (2) перформансите на УРЕДОТ, СОФТВЕРОТ и нивните компоненти, (3) конфигурациите на УРЕДОТ, СОФТВЕРОТ и на софтверските апликации, содржината и периферните уреди кои имаат интеракција со УРЕДОТ и СОФТВЕРОТ, (4) користењето и фреквентноста на користењето на (а) СОФТВЕРОТ и (б) софтверските апликации, содржината и периферните уреди кои имаат интеракција со СОФТВЕРОТ и (5) податоците за локација, како што е опишано подолу. SONY и неговите подружници, партнери и агенти може да користат и откриваат информации кои подлежат на применливите закони со цел да ги подобрат своите производи и услуги или да ви обезбедат производи и услуги. Таквото користење вклучува, но не е ограничено на: (а) применување на функционалностите на СОФТВЕРОТ, (б) подобрување, сервисирање, ажурирање или надградува на СОФТВЕРОТ, (в) подобрување, развивање и засилување на тековните и идните производи и услуги на SONY и на другите странки, (г) да ви дадат информации за производите и услугите што ги нуди SONY и другите странки, (д) почитување на применливите закони и прописи и (ѓ) колку што се нуди, обезбедување со услуги базирани на локација на SONY и на другите странки, како што е наведено подолу. Освен тоа, SONY го задржува правото да ги користи информациите за да се заштити себеси и третите лица од нелегално, криминално или штетно однесување.

Определени услуги достапни преку СОФТВЕРОТ може да зависат од информациите за локација, вклучувајќи, но не и ограничено на, географската локација на УРЕДОТ. Потврдувате дека со цел да се обезбедат тие услуги, SONY, СНАБДУВАЧИТЕ НА ТРЕТИ ЛИЦА или нивните партнери може да собираат, архивираат, обработуваат и користат такви податоци на локација и дека за таквите услуги важи политиката за приватност на SONY или на тие трети лица. Ако ги користите тие услуги, се согласувате дека сте ја прегледале политиката на приватност што се однесува на тие услуги и се согласувате со тие активности.

SONY, неговите подружници, партнери и агенти нема намерно да ги користат информациите за да го идентификуваат сопственикот или корисникот на СОФТВЕРОТ без ваше знаење или согласност. Користењето информации ќе се одвива според правилата за приватност на SONY или на третите лица. Контактирајте со применливата адреса за контакт за секоја област или земја за тековната политика на приватност на SONY.

Контактирајте со применливите трети лица за правилата за приватност што се однесуваат на информациите што може да ве идентификуваат лично и на други информации што ги давате при користење или пристап до софтверот или услугите на трети лица.

Информациите може да се обработуваат, складираат или пренесат кај SONY, неговите подружници или агенти што се лоцирани во земји надвор од вашата земја на живеење. Законите за заштита на податоци и приватност на информации во определени земји може да не го нудат истото ниво на заштита како и вашата земја и може да имате помалку законски права во однос на информациите што се обработуваат и складираат или пренесуваат во тие земји. SONY ќе направи разумни напори за да преземе соодветни технички и организациски чекори за да спречи неовластен пристап или откривање на информациите, но не гарантира дека тоа ќе го отстрани ризикот од несоодветна употреба на информациите.

**ФУНКЦИЈА НА АВТОМАТСКО АЖУРИРАЊЕ**

Повремено, SONY или СНАБДУВАЧИТЕ НА ТРЕТИ ЛИЦА може автоматски да го ажурираат или поинаку да го модифицираат СОФТВЕРОТ, вклучувајќи, но не и ограничено на, со цел подобрување на сигурносните функции, поправка на грешки и подобрување на функциите, во време кога работите на серверите на SONY или на трети лица или поинаку. Таквите ажурирања или модификации може да ги избришат или да ја променат природата на функциите или другите аспекти на СОФТВЕРОТ, вклучувајќи, но не и ограничено на, функциите од коишто можеби зависите. Потврдувате дека SONY има право на такви активности и дека SONY може да го услови продолженото користење на СОФТВЕРОТ откако целосно ќе го инсталирате или ќе го прифатите ажурирањето или модификациите. Сите ажурирања/модификации се сметаат за и претставуваат дел од СОФТВЕРОТ за целите на овој EULA. Ако го прифатите овој EULA, се согласувате на таквите ажурирања/модификации.

**ЦЕЛ ДОГОВОР, ОДРЕКУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ, САЛВАТОРНА КЛАУЗУЛА**

Овој EULA и политиката за приватност на SONY, повремено менувани и модифицирани, заедно го сочинуваат целиот договор помеѓу вас и SONY во однос на СОФТВЕРОТ. Неуспехот на SONY да ги практикува или примени сите права или прописи на овој EULA нема да претставува одрекување одговорност за таквото право или пропис. Доколку некој дел од овој EULA е неважечки, нелегален или неспроведлив, тој пропис ќе се спроведе колку што може максимално, на начин на којшто ќе се задржи намената на овој EULA, а останатите делови ќе се спроведуваат целосно.

**УПРАВНО ПРАВО И ЈУРИСДИКЦИЈА**

Конвенцијата на Соединетите Држави за договори за меѓународна продажба на добра нема да важи за овој EULA. Овој EULA се води според законите на Јапонија, без оглед на каков било конфликт на законски мерки. Секој спор кој потекнува од овој EULA ќе биде подложен на единствената област на судовите во Токио, Јапонија и со ова странките се согласуваат на областа и надлежноста на таквите судови.

**ПРАВНА ПОУКА**

И покрај се што се содржи во овој EULA што можеби е спротивно, вие прифаќате и се согласувате дека секое ваше прекршување или непочитување на EULA ќе му предизвика непоправлива штета на SONY, за којашто парично обесштетување нема да биде соодветно и се согласувате дека SONY може да побара забрана или правно ослободување коешто смета дека е неопходно или соодветно во тој случај. Исто така, SONY може да преземе секаква правна или техничка поука за да се спречи прекршување на и/или спроведување на овој EULA, вклучувајќи, но не и ограничено на, директно прекинување на вашето користење на СОФТВЕРОТ, доколку SONY смета според сопствено убедување дека вие го прекршувате или имате намера да го прекршите овој EULA. Овие поуки се дополнителни на сите останати поуки што SONY можеби ги има во правото, еднаквоста или под договор.

**ПРЕКИНУВАЊЕ**
Без оштета на кои било негови права, SONY може да го прекине овој EULA ако не ги почитувате сите негови услови. Во случај на прекинување, мора: (i) да престанете со користење и да ги уништите сите копии на СОФТВЕРОТ; (ii) да ги спроведете барањата во делот опишан подолу, насловен како „Одговорност на вашата сметка“.

**ИЗМЕНА**
SONY ГО ЗАДРЖУВА ПРАВОТО ДА ГИ МЕНУВА УСЛОВИТЕ НА ОВОЈ EULA СПОРЕД СОПСТВЕНО УБЕДУВАЊЕ ТАКА ШТО ЌЕ ОБЈАВИ ИЗВЕСТУВАЊЕ НА НАЗНАЧЕНАТА ВЕБ-ЛОКАЦИЈА НА SONY, ИЗВЕСТУВАЊЕ ПО Е-ПОШТА НА АДРЕСАТА НА Е-ПОШТА ШТО СТЕ ЈА ДАЛЕ, ДАВАЈЌИ ИЗВЕСТУВАЊЕ КАКО ДЕЛ ОД ПРОЦЕСОТ СПОРЕД КОЈ ДОБИВАТЕ НАДГРАДБИ/АЖУРИРАЊА ИЛИ СПОРЕД КОЈА БИЛО ДРУГА ПРАВНО ПРИЗНАЕНА ФОРМА НА ИЗВЕСТУВАЊЕ. Доколку не се согласувате со измената, треба навремено да контактирате со SONY за упатства. Доколку продолжите да го користите СОФТВЕРОТ по стапувањето на сила на известувањето, ќе се смета дека вашиот договор е обврзан со таа измена.

**КОРИСНИЦИ НА ТРЕТИ ЛИЦА**
Секој СНАБДУВАЧ НА ТРЕТИ ЛИЦА е изразен корисник на трети лица на, и ќе има право да спроведува, секој пропис на овој EULA што се однесува на СОФТВЕРОТ на тоа лице.

**ОДГОВОРНОСТ НА ВАШАТА СМЕТКА**
Доколку го вратите УРЕДОТ на местото на купување, продажба или на друг начин го пренесете УРЕДОТ или доколку овој EULA се укине, вие сте одговорни за СОФТВЕРОТ и мора да го деинсталирате од УРЕДОТ и да ги избришете сите сметки што сте ги поставиле на УРЕДОТ или до кој може да се пристапи преку СОФТВЕРОТ. Само вие сте одговорни за одржување на доверливоста на сметките што ги имате кај SONY ИЛИ кај трети лица и сите кориснички имиња и лозинки поврзани со ВАШЕТО КОРИСТЕЊЕ НА УРЕДОТ.

Доколку имате прашања за овој EULA, може да контактирате со SONY по писмен пат на назначената адреса за контакт за секоја област или земја.

Авторско право © 2012 Sony Corporation.

http://www.sony.net/

4-488-942-**21**(2) (MK)

* 4 4 8 8 9 4 2 2 1 * (2)

©2014 Sony Corporation